# I. ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН-Текстуален дел

# **ВОВЕД**

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, за изградба на објекти со класа на намена Е1.5 – Резервоар за вода за пиење на дел од КП бр.3102 КО Строгомиште вонград Општина Кичево, се работи согласно член 58, став 6, од Законот за урбанистичко планирање (,,Сл.Весник на РСМ,, бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25), според кој урбанистичкиот проект може да се изработува и за поединечни градби и инфраструктури од државно и локално значење, вон населено место и вон опфат на урбанистички планови на земјоделско, шумско и друго земјиште, крајбрежни појаси и други простори за коишто не постојат услови и/или економска оправданост за донесување на урбанистички план согласно овај закон, а постои соодветен или некатегоризиран сообраќаен пристап, во кој случај урбанистичкиот проект се изработува врз основа на прибавени услови за планирање на просторот. Со содржина Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, ќе се изработи согласно член 59, 60, 61, 62 од Правилникот за урбанистичко планирање (,,Сл.Вес. на РСМ,, бр.225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 07/25).

Предмет на Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план е формирање на проектен опфат - градежна парцела за изградба на објекти со класа на намена Е1.5 – Резервоар за вода за пиење.

1. **Површина и опис на границите на проектниот опфат со географско и геодетско одредување на неговото подрачје;**

Просторот кој е предмет на изработка на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е1.5 – Резервоар за вода за пиење на дел од КП бр.3102 КО Строгомиште вонград Општина Кичево** и истиот се наоѓа вон опфат на урбанистички план.

Предметниот опфат се наоѓа јужно од селото Стргомиште, во КО Строгомиште вонград, Општина Кичево, на дел од КП бр. 3102 КО Строгомиште вонград Општина Кичево.

Со изработката на планско-проектната документација ќе биде одредена површината за градба, компатибилните намени и сообраќајните пристапи, катноста на градбата, и другите урбанистички параметри, согласно стандардите и нормативите за урбанистичко планирање за ваков тип на објекти.

Селото Стргомиште се наоѓа во Општина Кичево, во областа Горно Кичево. Селото е ридско планинско со надморска височина од околу 750мнв. До селото има изведено асфлатен пат, а истото е оддалечено од Кичево 14км. Селото е од збиен тип и во тек на годините бројот на жители постојано се намалува. Во однос на пописот во 2002год. кога имало 698 жители, по пописот од 2021 бројот на жители е 355. Во селото има систем за водоснабдување. Како резервоар за вода се користи резервоарот во с.Букојчани. **Предмет на проектот е нов резервоар за вода за пиење со зафатнина од 150м3.**

**Површината на вака оформениот проектен опфат изнесува 378 м2 .**

Проектниот опфат на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е1.5 – Резервоар за вода за пиење на дел од КП бр.3102 КО Строгомиште вонград Општина Кичево**, е дефиниран со следните координати:

X=7498337.7800 Y=4604997.0588

X=7498355.7800 Y=4604997.0588

X=7498355.7800 Y=4604976.0588

X=7498337.7800 Y=4604976.0588

## 2. Историјат на планирањето и уредувањето на подрачјето во близина на проектниот опфат и неговата непосредна околина;

Предметната локација за изработка на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е1.5 – Резервоар за вода за пиење на дел од КП бр.3102 КО Строгомиште вонград Општина Кичево,** е опфатена во рамките на Просторниот план на Република Македонија, според кој се изработени **Условите за планирање на просторот од страна на Агенцијата за планирање на просторот – Скопје, Република Македонија, со технички број Y07725 од март 2025г., за кои е добиено Решение од Министерството за животна средина и просторно планирање со арх.број 15-1587/2 од 22.04.2025 година.**

## 3. Податоци за природните чинители кои можат да влијаат на развојот на подрачјето во рамки на проектниот опфат, на проектни решенија и на нивното спроведување: географски, геолошки, геомеханички, сеизмички, климатолошки, хидрографски, хидролошки податоци, природни ресурси, заштитени екосистеми и друго;

### Природни и климатски карактеристики

Природните карактеристики на едно подрачје претставуваат збир на вредности и обележја создадени од природата, без учество и влијание од човекот. Тие ги опфаќаат: географската и геопрометната положба на подрачјето, рељефните карактеристики, геолошките, педолошките, хидрографските, сеизмичките, педолошките и климатските карактеристики .

Предметната локација во КО Строгомиште вон град, Општина Кичево се наоѓа југоисточно од населено место Строгомиште на надморска височина од 810 метри.

Клима

Територијата каде се наоѓа предметната локација е под влијание на планинска и умерено континентална клима. Умерено континенталната клима се карактеризира со умерено топли лета и свежи зими. Врнежите се со преоден медитерански плувиометриски режим.Планинската клима се карактеризира со свежи лета и свежи зими.

Просечната годишна температура изнесува 11,0°С (апсолутна минимална - 25,7°С и апсолутно максимална 28,О$^{0}$С), во рамничарскиот дел и 4°С на планините Челоица (Добра Вода). Амплитудата од апсолутно минималната до апсолутно максималната изнесува 53.7°С. Просечно најстуден месец во годината е јануари, со температура од О.5°С, а најтопол месец е јули со 21°С. Периодот со температура над 10°С што претставува вегетационен период, трае од 10 април до 26 октомври или 199 дена во рамничарскиот дел, и120-150 дена на планините. Мразниот период просечно годишно трае 155 дена (од 5 ноември до 6 април), а вистинскиот број на денови со појава на мраз изнесува 77.4 дена.

Просечна годишна количина на врнежии изнесува 763mm, а на највисоките делови на Бистра и другите планини тие достигнуваат до 1000mm. Најголеми количини на врнежи паѓаат во

ноември, а најсушни месеци се јули и август. Снежните врнежи учествуваат со 35% во рамничарските терени, до 55% на планинските делови. Во овој реон снежниот период просечно годишно трае 72 дена, а на планините 120 дена.

Во однос на воздушните струења, најчест ветер е северот со 161%0 и југот со 140%0 со брзина на дување 1,8m/s средна јачина и максимална од 8 бофори и јужниот со средна јачина од 1,9m/s и максимална од 8 бофори. Други ветрови по честина се североисточни со 86%0 и југозападниот со 63%0, источниот со 39%0 и западниот со 20%0. Брзината на сите ветрови е од минимум 1.6m/s до 2.3m/s средна јачина и максимална од 6-8 бофори. 6 бофори источниот и североисточниот ветер, до максимални 8 бофори северниот, јужниот и југозападниот ветер.

Сеизмички, предметната локација припаѓа на подрачја подложени на чести и јаки земјотреси,

предизвикани од локалните и подалечните епицентрални жаришта. Во ова подрачје можни се потреси со јачина до 8° по М.К скала.

Податоците се од мерна станица Кичево.

**<u>Природни ресурси</u>**

Од областа на природните ресурси (природното наследство, природните реткости и биолошката и пределската разновидност), документацијата за предметниот простор треба да се усогласи со Просторниот план на Република Македонија и Просторниот план

на Охридско-Преспанскиот регион на тој начин што, врз основа на режимот за заштита, ќе се организира распоред на активности и изградба на објекти кои ќе се усогласат со барањата кои ги поставува одржливото користење на природата и современиот третман на заштитата.

Особено внимание при заштита на природата, треба да се посвети на начинот, видот и обемот на изградбата што се предвидува во заштитените простори за да се одбегнат или да се надминат судирите и колизиите со инкомпатибилните функции. За таа цел е неопходно почитување на следните принципи:

- Оптимална заштита на просторите со исклучителна вредност;
- Зачувување и обновување на постојната биолошка и пределска разновидност во состојба на природна рамнотежа;
- Обезбедување на одржливо користење на природното наследство во интерес на сегашниот

и идниот развој, без значително оштетување на деловите на природата и со што помали нарушувања на природната рамнотежа;

- Спречување на штетните активности на физички и правни лица и нарушувања во природата како последица на технолошкиот развој и извршување на дејности, односно обезбедување на што поповолни услови за заштита и развој на природата;
- Рационална изградба на инфраструктурата;
- Концентрација и ограничување на изградбата;
- Правилен избор на соодветна локација.

Согласно законската регулатива од областа на заштита на природата и подзаконските акти донесени врз нивна основа, потребно е внесување на мерки за заштита на природата при планирањето и уредувањето на просторот и истите треба строго да се почитуваат.

**Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, на просторот со намена резервоар за вода за пиење, КО Строгомиште вон град, Општина Кичево, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.**

Доколку при изработка на документацијата за предметниот простор или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство, кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат мерки за заштита на природното наследство:

- Утврдување на границите и означување на сите објекти кои би можеле да бидат предложени и прогласени како природно наследство;
- Забрана за вршење на какви било стопански активности кои не се во согласност со целите и мерките за заштита утврдени со правниот акт за прогласување на природното добро или Просторниот план за подрачје со специјална намена;
- Магистралната и останатата инфраструктура (надземна и подземна) да се води надвор од објектите со природни вредности, а при помали зафати потребно е нејзино естетско вклопување во природниот пејзаж;
- Воспоставување на мониторинг, перманентна контрола и надзор на објектите со природни вредности и преземање на стручни и управни постапки за санирање на негативните појави;

− Воспоставување на стручна соработка со соодветни институции во окружувањето;

− Почитување на начелата за заштита на природата согласно Законот за заштита на природата.

## 4. Податоци за создадените вредности и чинители кои ја синтетизираат состојбата на начин на човековата употреба на земјиштето во рамките на планскиот опфат: културно, историски, демографски, економски, стопански, сообраќајни, социјални и др.чинители;

### 4.1.Културно историски податоци

Согласно Законот за заштита на културното наследство („Сл. весник на РМ„ бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 38/14, 164/13, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18, 20/19), за плановите од повисоко ниво:

Просторниот план на РМ, Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата, изготви Експертен елаборат за заштита на недвижно културно наследство, во кој е даден инвентар на недвижно културно наследство од посебно значење. Според Експертниот елаборат, на подрачјето на Катастарската општина Строгомиште има евидентирани недвижни споменици на културата и археолошки локалитети, но споредени со предметниот проектен опфат се наоѓаат надвор од границите. Во Археолошката карта на РМ за предметниот проектен опфат не се евидентирани археолошки локалитети. За случајни откритија постојат обврски на наоѓачот, според член 65 од Законот за заштита на културното наследство („Сл. весник на РМ бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 38/14, 164/13, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18, 20/19).

### 4.2. Економски - стопански податоци

Изградбата на резервоар за вода за пиење, КО Строгомиште вон град, Општина Кичево, ќе биде во функција на развој на економските активности во локалната економија.

### 4.3. Јавни функции

Организацијата на јавните функции, согласно планираната мрежа на населби, поаѓа од постојната мрежа на јавните функции во регионот под претпоставка дека идниот развој на истите ќе се развива во согласност со економските, институционалните и други промени во него.

Организирање на мрежата на јавните функции овозможува:

- достапност на функциите до сите граѓани во регионот;
- воедначен квалитет на пружените услуги;

- активно учество на граѓаните во организација на работата на јавните функции;

- прилагоденост на програмата на јавните служби на локалните карактеристики како и можност за избор на модалитет и вид на услуга;

Изградбата на резервоар за вода за пиење, КО Строгомиште вон град, Општина Кичево, е надвор од урбаниот опфат на населбата и на тој дел нема препораки и обврски за организација на јавни функции, што значи дека се исклучени и можностите за било каков конфликт. Со изградбата на резервоарот, ќе се овозможи поквалитено снабдување со вода на објектите од јавни функции.

### 4.4. Урбанизација и мрежа на населби

Урбанизацијата како сложен, динамичен процес треба да претставува основна рамка и влијателен фактор во насочувањето на долгорочниот просторен развој на Република Северна Македонија.

Основните плански определби за развој на населбите во планскиот период се залагаат за сеопфатен и значително порамномерно распределен просторен развој кој, во најголем дел, ќе се одвива во рамките на полицентричен, хиерархиски избалансиран систем на населени места. Во таквиот систем посебен акцент се става на забрзаниот развој на помалите урбани и рурални населби, особено оние во градските опкружувања, како и населбите од ридско-планински, карактер, погранични и недоволно развиени населби.

Насоките на Просторниот план се залагаат за:

- зголемено ниво на функционална и комунална опременост и планско уредување на селските населби, подобрување на локалната инфраструктура и ефикасна комуникациска поврзаност со центрите од повисоко ниво;

- создадавање на услови за рехабилитација и афирмирање на руралниот начин на живеење преку инфраструктурно екипирање на селските населби и ефикасно сообра1<.ајно и комуникациска поврзување.

Иницијативата со намена резервоар за вода за пиење, КО Строгомиште вон град, Општина Кичево, би требало да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот со максимално почитување и вградување на нормативите и стандарди за заштита на животната средина.

## 5. Инвентаризација на: земјиштето во проектниот опфат, изградениот градежен фонд, вкупната физичка супраструктура и инсталации во рамки на проектниот опфат

Проектниот опфат на **Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е1.5 – Резервоар за вода за пиење на дел од КП бр.3102 КО Строгомиште вонград Општина Кичево, е урбанистички неуредено земјиште, со површина од 378 м2**.

На геодетската подлога, изработена од овластена фирма, ажурирана е состојбата на просторот, со сите свои параметри на поставеност, димензии и висински точки на предметната локација и нејзината околина.

**Проектниот опфат е со површина од 378 м2, со намена:**

**НЗ-Неизградено земјиште**

| НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ НА НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ-ПОСТОЈНА СОСТОЈБА | | | |
|---|---|---|---|
| **КП** | Вкупна површина на **проектен опфат** $м^2$ | Намена на површини | Површина по намена $м^2$ |
| Дел од КП бр.3102 КО Строгомиште вонград | 378 м2 | **НЗ-Неизградено земјиште** | 378м2 |
| Вкупно: | 378м2 | | 378м2 |

## 6. Инвентаризација на градби со режим на заштита на културно наследство, постојни споменички целини, културни предели и друго

Во своето милениумско постоење, човековата цивилизација од праисторијата до денес, на територијата на нашата држава, оставила значајни траги од вонредни културни, историски и уметнички вредности кои го потврдуваат постоењето, континуитетот и идентитетот на македонскиот народ на овие простори.

Просторниот аспект на недвижното културно наследство е предмет на анализа во корелација со долгорочната стратегија на економски, општествен и просторен развој, односно стратегија за зачувување и заштита на тоа наследство во услови на пазарно стопанство.

Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата, за потребите

на Просторниот план на Републиката, изготви Експертен елаборат за заштита на недвижното

културно наследство во кој е даден Инвентар на недвижното културно наследство од посебно значење.

Инвентарот содржи список на регистрирани и евидентирани недвижни културни добра, што подразбира список на недвижните предмети со утврдено својство споменик на културата, односно на недвижните предмети за кои основано се претпоставува дека имаат споменично својство. Тоа се: археолошки локалитети, цркви, манастири, џамии, бањи, безистени, кули, саат кули, турбиња, мавзолеи, конаци, мостови, згради, куќи, стари чаршии, стари градски јадра и други споменици со нивните имиња, локации, блиските населени места, период на настанување и општините во кои се наоѓаат спомениците.

Согласно постоечката законска регулатива, видови на недвижно културно наследство се: споменици, споменични целини и културни предели.

На подрачјето на катастарската општина Строгомиште која е предмет на анализа нема евидентирани недвижни споменици на културата (Експертен елаборат).

Во Археолошката карта на Република Македонија, која ги проучува предисториските и историските слоеви на човековата егзистенција, од најстарите времиња до доцниот среден век, на анализираното подрачје на катастарската општина Строгомиште нема евидентирани археолошки локалитети.

− Согласно податоците од Експертниот елаборат за заштита на културното наследство и Археолошката карта на Република Македонија[2] на подрачјето на катастарската општина Стогомиште нема евидентирани недвижни споменици на културата и археолошки локалитети.

− Доколку при изведување на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно- историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со постоечката законска регулатива, Законот за заштита културното наследство и важечките законски и подзаконски акти кои ја допираат оваа област, односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство. Културното недвижно наследство во просторните и урбанистички планови треба да се третира на начин кој ќе обезбеди негово успешно вклопување во просторното и организационо ткиво на градовите и населените места или пошироките подрачја и потенцирање на неговите градежни, обликовни и естетски вредности.

**- Согласно добиени податоци и информации од <u>Управата за заштита на културно наследство – Министерство за култура на РСМ, бр. 17-2039/2 од 09.06.2025 година</u>, во границите на проектниот опфат не постои културно наследство, ниту добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство.**

Доколку при реализација на планот се појави археолошко наоѓалиште, односно предмети од археолошко значење, треба да се постапи во согласност со одредбите од член 65 од Законот за заштита на културното наследство („Сл.Весник на РМ„ бр.20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19).

## 7. Инвентаризација на изградена комунална инфраструктура: сообраќајните, електричните, канализациските, водоводните, поштенските, гасоводните, топловодните, телефонските и другите водови и објекти

**Сообраќај и врски**

Комуникациската мрежа на Република Северна Македонија, сочинета од повеќе комуникациски потсистеми, е етаблирана преку системот за сообраќај и врски врз чија основа, помеѓу другото, се темели и организацијата на просторот на државата. Комуникациските системи во Републиката, кои се од особено значење за развојот на стопанските активности, се очекува да се подобруваат, унапредуваат и да се развиваат во две насоки на развој на комуникациите:

– екстерната поврзување на државата (стратешки коридори);
– интерното поврзување во државата (регионални и локални потреби).

Основа за екстерното поврзување на државата се дефинираните комуникациски коридори согласно меѓународните конвенции и препораки, што воедно се и основа за ориентација кон европските и балканските определби за економски и технолошки комуникации, што е од особено значење за извозот.

Основата за интерното поврзување во државата односно планирање и развој на патната мрежа на Државата се базира на категоризација на патиштата, на стратешки дефинирани меѓународни коридори за патен сообраќај, на досега изградената европска патна мрежа-ТЕМ со "Е" ознака на патиштата, на досега изградената магистрална и регионална патна мрежа, како и на определбите од долгорочната стратегија за развој.

Мрежата на патишта "Е" ознака што ги дефинира меѓународните коридори за патен сообраќај низ Републиката се: Е-65, Е-75, Е-850, Е-871.

Според Просторниот план на Република Македонија, автопатската и магистрална патна мрежа релевантна за предметниот простор е:

– Е-65 што се поклопува со делови од магистралните патишта М-3, М-4 и М-5 - (СР-Блаце-Скопје-Тетово-Кичево-Требеништа-Охрид-Битола-Меџитлија-ГР)

- коридор за патен сообраќај во насока север-југ;

– М-4- (АЛ-Ќафа Сан-Струга-Кичево-Скопје-Миладиновци-М-1).

Врз основа на »Одлуката за категоризација на државните патишта" овој магистрален патен правец се преименува со ознаката:

– А2 - Граница со Бугарија - ГП Деве Баир - Крива Паланка - Страцин - Романовце

- Куманово - Миладиновце - обиколница Скопје- Тетово- Гостивар-Кичево - Требeниште - Струга- граница со Албанија- ГП Ќафасан.

Во идната патна мрежа на Републиката, основните патни коридори ќе ги следат веќе традиционалните правци во насока север-југ (коридор 10), односно исток-запад (коридор 8), што се вкрстосуваат во просторот помеѓу градовите: Скопје, Куманово и Велес. На тој начин дел од магистралните патишта во Републиката ќе формираат три основни патни

коридори, што треба да се изградат со технички и експлоатациони карактеристики компатибилни со системот на европските автопатишта (ТЕМ):

- север-југ: М-1 (Србија - Куманово - Велес - Гевгелија - Грција),
- исток-запад: М-2 и М-4 (Бугарија-Крива Паланка-Куманово-Скопје-Тетово- Струга-Албанија и крак Скопје - Србија),
- исток-запад: М-5 (Бугарија -Делчево- Кочани- Штип- Велес -Прилеп- Битола - Ресен - Охрид-Требеништа -М4 (крак Битола -граница со Грција).

На автопатската и магистралната патна мрежа се надоврзуваат регионалните патишта, што заедно со локалните категоризирани патишта ќе ја сочинуваат патната мрежа на Републиката.

Релевантен регионален патен правец за предметната локација, според Просторниот план на Република Македонија, влегува во групата на регионални патишта "Р2" и е со ознака:

- Р2231-(Гостивар-врска со Р2233-Србиново-Туин-Осломеј-врска со А2). Динамиката за Реализација на мрежата, што ќе овозможи целосно опслужување на Републиката, ќе биде во функција на сообраќајните потреби (очекуваниот обем на сообраќајот), потребите за интеграција во европскиот патен систем, како и економската моќ на државата, а трасите на меѓународните и магистралните патишта, задолжително ќе поминуваат надвор од населените места и се предлага да се решаваат со денивелирано вкрстосување со останатата патна мрежа.

**При изработка на планската документација од аспект на безебедноста во Патниот сообраќај, да се почитува релевантната законска регулатива од областа на Законот за јавни патишта, законската регулатива во делот на "заштитната зона на патот" согласно Законот за јавни патишта, како и важечките Законски и подзаконски акти кои ја допираат оваа област.**

**Железнички сообраќај:** Концепцијата за развој на железничкиот систем базира на потребата за модернизација и проширување на железницата во целина, како и поврзување на железничката мрежа на Републиката со соодветните мрежи на Република Бугарија и Република Албанија.

Железничката мрежа на Републиката, во планскиот период, треба да ја сочинуваат: магистрални железнички линии од меѓународен карактер, регионални линии и локални линии.

Магистрални железнички линии од меѓународен карактер:

- СР- Табановце-Скопје-Гевгелија-ГР............................ 213,5 km
- СР - Блаце-Скопје ......................................................... 31,7 km
- СР-Кременица-Битола-Велес......................................145,6 km
- БГ -Крива Паланка-Куманово ....................................... 84,7 km
- АЛ-Струга-Кичево-Скопје............................................143,0 km

Покрај постојните врски Табановце и Блаце на север, односно Гевгелија и Кременица на југ, ќе се изврши и соодветно поврзување на исток кон Република Бугарија, односно на запад кон Република Албанија, со што ќе се овозможи целосно интегрирање на македонскиот железнички систем со соодветните системи на соседните држави.

Во планскиот период меѓудругото, се очекува развој на интегралниот транспорт, односно техничко-технолошкото доопремување на Македонските железници

за извршување на задачите и за вклучување во меѓународниот сообраќај, што е во согласност со стратегијата на развојот на железничкиот сообраќај и со реалните можности на Државата.

**<u>Во постапката бр.71934, во електронскиот систем е-урбанизам, побарани се (ПИМ), податоци, информации и мислења од надлежни институции и добиени се следните:</u>**




**Сообраќај**

- По <u>доставено Барање бр.77-1 од 26.05.2025г. во ПИМ постапка</u>, во електронскиот систем Е-урбанизам, бр. на постапка 71934, надлежниот орган, **Јавно претпријатие за државни патишта**, не достави одговор.

При изработка на планската документација ќе се почитува релевантната законска регулатива од областа на Законот за јавни патишта, како и важечките Законски и подзаконски акти кои ја допираат оваа област.

- Од аспект на железничкиот сообраќај-Согласно Одговорот на барањето за податоци и информации, **бр.20-2192/2 од 04.06.2025г. од ЈП за железничка инфраструктура-Скопје**, е констатирано дека проектниот опфат се наоѓа надвор од заштитниот појас на железничка пруга, на предметната локација нема планирани и постојни инсталации и објекти кои се во сопственост на ЈП ЖРСМ Инфраструктура Скопје.

**Комунална инфраструктура**

- По доставено Барање бр.77-1 од 26.05.2025г. во ПИМ постапка, во електронскиот систем Е-урбанизам, бр. на постапка 71934, надлежниот орган, **Електродистрибуција Дооел - Скопје,** не достави одговор.

При изработката на планската документација, а соодветно на типот на документација за која се бараат податоци, ќе се планираат (вцртаат) траси во тротоарите од двете страни, во кои би се положувале електроенергетски објекти од различни напонски нивоа и маркици за трансформаторски станици (согласно потребната потрошувачка). Премините преку пат ќе се предвидат да бидат согласно стандардите за премин на електроенергетска инфраструктура.

Задолжително ќе се предвиди заштитен појас на електроенергетските објекти согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

При постоење на подземна инфраструктура во дадениот опфат, потребно е да се обратиме до најблискиот Корисничко Енерго Центар, за проценка дали е потребно присуство на стручен вработен на лице место при реализација на активностите во предметниот опфат.

-Согласно добиеното Известување за постојни и планирани електроенергетски објекти, **бр.11-3141/1 од 27.05.2025г. од АД МЕПСО Скопје**, на посочената локација/планско-проектниот опфат нема електро енергетски објекти, односно проектниот опфат не се пресекува со ЕЕ Објекти во сопственост на АД МЕПСО.

-Согласно добиениот Одговор на барање, **бр.71930 од 26.05.2025г. од Македонски Телеком АД Скопје**, констатирано е дека во границите на планскиот опфат нема постојна МКТ инфраструктура.

**Останати релевантни институции**

-Согласно Одговор на Барање од АД за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас **НОМАГАС Скопје во државна сопственост бр.08-2569/2 од 26.05.2025г.,** во планско-проектниот опфат на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е1.5 – Резервоар за вода за пиење на дел од КП

бр.3102 КО Строгомиште вонград Општина Кичево, нема изградено, ниту планирано гасоводна мрежа.

-Согласно Податоци и информации- Известување, **бр.09-293/2 од 27.05.2025г. од Дирекција за заштита и спасување ПОЗС Крушево**, за подрачјето на планско-проектниот опфат Дирекцијата не располага со податоци и ннформации за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е1.5 – Резервоар за вода за пиење на дел од КП бр.3102 КО Строгомиште вонград Општина Кичево, доставени се мерки за заштита и спасување, кои треба да бидат вградени во документацијата.

-Согласно Известување од **Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство-Сектор за регистрирање, управување, унапредување и продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост бр.40-7420/2 од 11.06.2025г.**, за планско-проектниот опфат на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е1.5 – Резервоар за вода за пиење на дел од КП бр.3102 КО Строгомиште вонград Општина Кичево, констатирано е дека предметното земјиште на КП бр.3102 за КО Строгомиште вонград катастарска култура дол, во сопственост на РСМ, согласно допис доставен од ПЕ Кичево арх.бр.75-77/2 од 04.06.2025г., за истата нема склучено договор за закуп.

**Не се добиени податоци од:**

- Општина Кичево
- ЈП ,,Водовод и канализација,, Кичево
- Јавно претпријатие за државни патишта,
- Електродистрибуција Дооел - Скопје
- Министерство за животна средина и просторно планирање
- Сектор Води
- Сектор Природа
- АД Елем – Скопје
- Агенција за електронски комуникации, АЕК на РСМ
- Агенција за Цивилно Воздухопловство - Скопје
- АД Водостопанство на РСМ
- Министерство за внатрешни работи, сектор за информатика
- Министерство за животна средина и просторно планирање

**Евентуалните штети настанати поради недоставување на податоци и информации или не одговарање на барањето се на нивен товар, во согласност со законот.**

## 8. Други податоци релевантни за подрачјето во планскиот опфат

**Извод од план од повисоко ниво**

За предметниот локалитет како показател користени се одредбите од Условите за планирање на просторот од страна на Агенцијата за планирање на просторот – Скопје, Република Македонија**, со технички број технички број Y07725 од март 2025г., за кои е добиено Решение од Министерството за животна средина и просторно планирање со арх.број 15-1587/2 од 22.04.2025 година.** Условите за планирање на просторот содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од план. Условите за планирање на просторот претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.

<u>Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.</u>

Согласно Заклучните согледувања потребно е да се почитуваат условите кои се дадени согласно зконските прописи за заштита на земјоделското земјиште, заштита на животна средина, заштита на природно и културно наследство, заштита на водостопанската, енергетската и комуникациската инфраструктура.

- Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

- Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработка на проектната документација Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план, за изградба на инфраструктурни објекти со класа на намена Е1.5 – Резервоар за вода за пиење, кои се градат на земјиште потребно е да се почитуваат одредбите од Законот за животна средина (,,Служ́бен весник на РМ,, бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14,44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18, 89/22) и подзконските акти донесени врз основа на овој закон.

-Доколку при изработка на документацијата за предметниот простор или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита на природното наследство согласно Законот за заштита на природата.

-Доколку при изведување на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со постоечката законска регулатива, Законот за заштита културното наследство и важечките законски и

подзаконски акти кои ја допираат оваа област, односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство.

- Локацијата за која се наменети условите за планирање на просторот за изградба на резервоар за вода за пиење, КО Строгомиште вон град, Општина Кичево, се наоѓа во индиректно загрозени простори од воени дејства. Според тоа во согласност со Законот за заштита и спасување, задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.

- Задолжителна примена на мерки за заштита од пожар.

- Согласно Просторниот план на Република Македонија, локацијата со намена резервоар за вода за пиење, КО Строгомиште вон град, Општина Кичево, се наоѓа во потенцијална зона на свлечишта. Доколку на предметната локација се потврди веројатноста за настанување на свлечишта, да се предвидат соодветни мерки за заштита согласно законската регулатива.

- Анализираниот простор се наоѓа во подрачје каде се можни потреси со јачина до VIII степени по МКС, што наметнува задолжителна примена на нормативно- правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите објекти.